Арх.

Република Северна Македонија

-Државен инспекторат за животна средина-

Државниот инспекторат за животна средина преку Виш водостопански инспектор Виолета А. Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024год., изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Општина Крива Паланка со седиште на Св. Јоаким Осоговски бр.175 во Крива Паланка, застапувано од Градоначалник Сашко Митовски и со Записник број ип1 10-279 од 19.11.2024 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 став 1 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019), а во врска со примена на одредбите од Закон за води, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се Опоменува субјектот на надзор Општина Крива Паланка, да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци и вршењето на активноста да ја усогласи со одребите од Закон за води и прописите кои ја уредуваат областа, и тоа: Бесправно изведената преградата/каскадата во речното корито лоцирана на КП 4594 КО Крива Паланка со географски координати 7609332,75/4673478,32 , за која субјектот не поседува одобрена техничка докумантација да се отстрани од речното корито.

1) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 60 (шеесет) дена од приемот на решението.

2) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

~~3) Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од ________ денари, на жиро сметка број ____________________.~~

4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 и став 3 од Закон за води (Сл. весник на РМ“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ бр. 151/21)), преку Виш водостопански инспектор Виолета А.Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024 год. изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор општина Крива Паланка, состави Записник број ип1 10-279 од 19.11.2024 година, во кој се констатирани наоди за утврдена фактичка состојба:

До Државен инспекторат за животна средина е доставена преставка од страна на Центар за истражување и информирање за животна средина „Еко-Свест“ со седиште на бул.„Св.Кирил и Методиј“ 30/1-6 во Скопје со која се бара превземање на законски дејствија во однос на поставени/изведени прегради лоцирани на КП 4594 КО Крива Паланка со географски координати 7609332,75/4673478,32 , во подрачје на речното корито на Крива Река.

Во однос на поднесената преставка, Државниот инспекторат за животна средина, упати допис 10-722/2 од 12.08.2024год. до неколку надлежни органи и тоа: Општина Крива Паланка, Министерство за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина, Агенција за катастар на недвижностите, Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство,Министертсво за транспорт,Министерство за одбрана и АД Водостопанство на

РМ. Од сите наведени надлежни органи за конкретното се доставија податоци и информации дека: за постојниот објект кој е лоциран во речното корито на река Крива Река, нема издаден соодветен управен акт со одобрена техничка документација врз основа на која е изведена преградата/каскадата во речното корито и за истото не е поведена управна постапка која е во тек. Исто така, видно од имотен лист бр.1576 за Кп 4594 од Ко Крива Паланка , се утврди дека нема извршено соодветни запишувања или прибелешки на недвижноста.
Од увидот на лице место може да се утврди дека на посочената локација има изведено бетонска препрека/каскада по профилот на речното корито, која во моментот е разрушена и не е во функција. Во тој дел од речното корито се останати масивни делови од бетонската конструкција.
Од увидот на дел од минор коритотот на река Крива Река, се утврди дека од страна на субјектот на надзор се изведуваат работи за уредување на кејот на река Крива Река и регулација на минор коритото дел 1 и дел 4 во Град Крива Паланка, за што субјектот поседува водостопанска согласност УП1-11/5-2023/2023 од 14.12.2023 год. и одобрение за градење уп29-933 од 16.01.2024 год.
Констатација од извршениот увид: од утврденото, а и од фактот што, предметот на инспекциски надзор, не е опфатен со реализација на регулација на минор коритото на река Крива Река, потребно е бесправно изведената преградата/каскадата во речното корито лоцирана на КП 4594 КО Крива Паланка со географски координати 7609332,75/4673478,32, за која субјектот не поседува одобрена техничка документација да се отстрани од речното корито.
Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА
Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број бр. Ип1 10-279 од 20.11.2024 година

Виш водостопански инспектор
Виолета А.Ѓорѓиева д.в.и.
рег.бр.06-0024 од 25.01.2024 год.

Република Северна Македонија * ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА * Скопје XXIV Shkup * Republika e Maqedonisë së Veriut * INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR